24259



11281

# ВО ВЕНЕЦИЈА — ПРВПАТ И МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ

**● ТОА СЕ ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ, ДУШАН ПЕРЧИНКОВ И ТОМЕ ШИЈАК, — ОРГАНИЗАТОР НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО УЧЕСТВО НА БИЕНАЛЕТО Е МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ОД СКОПЈЕ**

**НА ГОДИНАШНОВО БИЕНАЛЕ** на ликовната уметност во Венеција, кое моментно е најзначајна светска ликовна манифестација, за првпат ќе учествуваат и македонски уметници. Освен тоа, на СР Македонија првпат годинава и е доверено и да го организира југословенскиот дел на биеналето.

Овојпат, на биеналето ќе земат учество 30 земји, а темата ќе биде „Од природата кон уметноста и од уметноста кон природата". Југославија на оваа манифестација ќе ја претставуваат тројца уметници од Македонија и тоа: **Петар Хаџи Бошков, Душан Перчинков** и **Томо Шијак.** Од Србија **Предраг Нешковиќ и Драган Мојовиќ,** од Хрватска **Иво Фришчиќ** и од Словенија Дружината од Шемпас. Нашата земја на биеналето е застапена со 134 експонати, а организатор на југословенското учество е Музејот на современата уметност на Скопје, додека комесари се **Соња Абаџиева Димитрова** и **Борис Петковски.**

Годинашново учество на Југославија се изразува преку директно и индиректно презентирање на поставената тема. Настапот на југословенските уметници, комесарите го планирале во четири основни целини. Првата е директно поврзување со природата (идејно-филозофско, ликовно-естетско и егзистенцијално), односно третирање на животот и творештвото како заокружена целост. Таа целина се пројавува преку дружината од Шемпас **(Марко и Марика Погачник со нивните деца, Бојан Брецељ и Андреј Кланчар).**

Следната целост е човекот ворец на „нова природа" како еден вид замена за постојната и негова интервенција во поширокиот амбиентален простор на човекот. Тоа е изразено преку реализациите на **Петар Хаџи Бошков** и **Томо Шијак**. Третата целина е природата како идеен, филозофски и социолошки преттекст за создавање. Оваа целост е изразена преку делата на **Перчинков, Мојовиќ, Нешковиќ и Фришчиќ.**

**ЧЕТВРТАТА И ПОСЛЕДНА ЦЕЛОСТ** е музичко остварување на една тонска музичка слика под наслов „Убавината ќе го спаси овој свет". Тоа всушност е



**Душан Перчинков: „Предел што трепери, II" 1972 год.**

заедничко дело на сликарите **Предраг Кнежевиќ, Енрико Јосиф** и **Слободан Младеновиќ.** Нивното дело е инспирирано од звуците на водата, произведени од незагадените и негибнати од човекот предели на природата (текови на реки, бранови на мориња и океани), базирани на Баховите соло свити и Казалсовите вибрирања на гудалото.

Свеченото отворање на годинашново ликовно биенале во Венеција за новинарите ќе биде од 28 до 30 јуни, а за публиката на 1 и 2 јули. Биеналето ќе трае до октомври. За одбележување е тоа што делата што Перчинков и Шијак ги направиле наменски за оваа манифестација, по завршувањето на биеналето ќе останат во трајна сопственост на Музејот на современата уметност на Скопје. **(В. М.)**